РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR FILM
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-1636/1
30.12.2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Директорот на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија - Скопје врз основа на член 18 став 1 алинеја 10 од Закон за филмската дејност („Службен весник на Република Северна Македонија бр.82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16, 58/16, 11/18 и 275/19) донесе:

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

## ВОВЕД

Агенцијата за филм на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст „Агенција за филм") е формирана со Законот за филмската дејност[1] како правен наследник на Националната установа Филмски фонд на Република Северна Македонија.
Активностите на Агенцијата произлегуваат од нејзините надлежности утврдени во Законот за филмската дејност и другите прописи донесени врз основа на него, како и меѓународните договори од областа на филмот што ги склучила или на кои им пристапила Република Северна Македонија.

Финанискиот план за работа на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за 2021 година е насочен кон постигнување на целите кои се дефинирани во законската регулатива се со цел остварување на јавниот и националниот интерес во филмската дејност. Средствата потребни за работа на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од други извори утврдени со Законот за филмска дејност.

Основниот буџет на Агенција за филм на Република Северна Македонија – Скопје (потпрограма 31), за буџетската 2021 година согласно Буџет на Република Северна Македонија за 2021 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 307/2020-стр.322) изнесува 198.626.000 денари. (Табела 1);

Табела 1 - Буџет на Агенција за филм на Република Северна Македонија – Скопје (потпрограма 31), за буџетската 2021 година

| ставка | Средства предвидени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година | Вкупен план (603;787;785) | сметка 603 | сметка 787 | сметка 785 |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати, придонеси и надоместоци од плати | 4.247.000 | 4.247.000 | 0 | 0 |
| 42 | Стоки и услуги | 1.679.000 | 1.679.000 | 0 | |
| 425 | Договорни услуги | *3.000.000* | *0* | *3.000.000* | *0* |
| 464 | Разни трансфери | *189.700.000* | *130.000.000* | *57.000.000* | *2.700.000* |
| | **Вкупно според Буџет на Република Северна Македонија за 2021 год** | **198.626.000** | **135.926.000** | **60.000.000** | **2.700.000** |

[1] "Службен весник на РСМ" бр.82/13,18/14,44/14,129/15,152/15, 39/16, 11/18 и 275/19

Образложение на Табела 1 - БУЏЕТ за 2021 год

1. На Буџетската сметка 603 – сметка на основен буџет (180106036460314) вкупниот буџет изнесува 135.926.000 ден кои се детално по конта прикажани во Табела 1 и 2

2. На Буџетската сметка 787 - сметка од самофинансирачки активности (180106036478747) вкупниот буџет изнесува 60.000.000 ден кои се детално по конта прикажани во Табела 1 и 2

3. На Буџетската сметка 785 – сметка на буџет на донации (180106036478517) вкупниот буџет изнесува 2.700.000 ден кои се детално по конта прикажани во Табела 1 и 2

Агенцијата за филм во буџетската 2021 година на оваа сметка најголем дел од средствата планира да ги користи во првото полугодие, бидејќи 68% од вкупните средства се наменети за финансирање на проекти за развој и унапредување на филмската дејност односно за филмски проекти кои се веќе снимени или пак се во фаза на продукција, а се во согласност со доставени динамики на снимање од страна на продуцентските куќи.

Останатите средства или 14% од вкупно одобрените и планирани средства се распределени за извршување на тековното работење на институцијата, во кои парични средства инкорпорирани се пресметаните плати, спроведувањето на годишен план за јавни набавки и други оперативни расходи (фиксни расходи за комуналии, планираното ангажирање на надворешни соработници и др.), 13% се планирани за одржување на континуитет во меѓународната соработка и 6% од вкупно одобрените средства се планирани за спроведување на мерката „право на поврат" - поттикнување во вложување на средства филмски односно телевизиски проекти (ТВ филм или ТВ серија) како стимулативна фискална политика во филмската дејност.

Во буџетската 2021 година, согласно Законот за филмската дејност планирано е да се објават нови конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност за 2021 година односно

-конкурс за организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер
- конкурс за финансирање на проекти за поддршка на стручно и професионално усовршување на кадри од областа на филмот и за поддршка на членство на Република Северна Македонија во меѓународни филмски организации.
- конкурс за учество на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија во финансирање на домашни филмови и филмови со македонско малцинско учество и
- конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткметражен игран, документарен и анимиран филм со два рока на одлучување

Табеларен приказ на вкупно одобрените парични средства на Агенцијата за филм за 2021 година, распределени по планирани активности

Табела 2 - Финансиски план на парични средства за буџетската 2021 година (синтетика)

| Реден број | Финансиски план на парични средства за буџетската 2021 година | *Вкупен план во денари (603;787;785)* | *сметка 603* | *сметка 787* | *сметка 785* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *планирано* | *планирано* | *планирано* |
| I | Агенцијата за филм на РМ -Скопје | 28.421.214 | 20.290.714 | 8.130.500 | 0 |
| II | Проекти за развој и унапредување на филмската дејност | 135.101.269 | 96.621.269 | 38.480.000 | 0 |
| III | Меѓународни активности | 24.073.517 | 19.014.017 | 2.359.500 | 2.700.000 |
| IV | Промоција на Македонија и стимулативна фискална политика во областа на филмската дејност | 11.030.000 | 0 | 11.030.000 | 0 |
| | Вкупен финансиски план за 2021 | 198.626.000 | 135.926.000 | 60.000.000 | 2.700.000 |

Табела 3 - Финансиски план на парични средства за буџетската 2021 година (аналитика)

| Реден број | **Финансиски план на парични средства за буџетската 2021 година** | ***Вкупен план во денари (603;787;785)*** | ***сметка 603*** | ***сметка 787*** | ***сметка 785*** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***планирано*** | ***планирано*** | ***планирано*** |
| **I** | **Агенцијата за филм на Република Северна Македонија - Скопје** | **28.421.214** | **20.290.714** | **8.130.500** | **0** |
| 1 | Плати, придонеси и надоместоци од плати | 7.909.951 | 7.864.956 | 44.995 | 0 |
| 2. | Тековни расходи неопхдни за непречена реализавија на активностите на Агенцијата за филм | 19.011.591 | 11.665.758 | 7.345.833 | 0 |
| 3 | Поддршка и одржување на работни средби со преставници на единиците на локалните самоуправи, медиумите, граѓанското општество, здруженијата од филмската дејност | 1.440.000 | 720.000 | 720.000 | 0 |
| 4 | Изготвување на предлог стратегија и предлог нов закон со кои ќе се уреди целата аудиовизуелна дејност | 59.672 | 40.000 | 19.672 | 0 |
| **II** | **Проекти за развој и унапредување на филмската дејност** | **135.101.269** | **96.621.269** | **38.480.000** | **0** |
| 1 | Проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм | 110.680.769 | 79.320.769 | 31.360.000 | 0 |
| 2. | Производство на проекти за унапредување на филмската дејност | 21.760.500 | 16.260.500 | 5.500.000 | 0 |
| 3 | Поддршка на проекти за производство на други аудиовизуелни дела - играна серија | 2.660.000 | 1.040.000 | 1.620.000 | 0 |
| **III** | **Меѓународни активности** | **24.073.517** | **19.014.017** | **2.359.500** | **2.700.000** |
| 1. | Организирана презентација и грижа за филмското творештво | 5.732.500 | 4.865.000 | 867.500 | 0 |
| 2. | Членарини во меѓународни организации | 12.718.017 | 12.718.017 | 0 | 0 |
| 3. | Соработка со други меѓународни организации и ЕУ фондови | 5.623.000 | 1.431.000 | 1.492.000 | 2.700.000 |
| 4 | Реклами во меѓународни весници | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **IV** | **Промоција на Македонија - дестинација за снимање - стимулативна фискална политика во областа на филмската дејност** | **11.030.000** | **0** | **11.030.000** | **0** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Право на поврат - Поттикнување во вложување на средства филмски односно телевизиски проекти (ТВ филм или ТВ серија) | 11.000.000 | 0 | 11.000.000 | 0 |
| 2 | Промоција на Македонија како дестинација на снимање и членство во меѓународни организации | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Други активности за промоција на Република Северна Македонија | 30.000 | 0 | 30.000 | 0 |
| | **Вкупен финансиски план за 2021 година :** | **198.626.000** | **135.926.000** | **60.000.000** | **2.700.000** |

Образложение на Финансискиот план за користење на средствата на Агенција за филм за 2021 год, во кој паричните средства се планирани согласно потребите и приоритетите на Агенција за филм на Република Северна Македонија - Скопје и на филмската дејност, а во рамките на одобрените парични средства.

1. Образложение на Годишен Финансиски план за 2021 година, за сметка 603

Основниот буџет на Агенција за филм на Република Северна Македонија - Скопје, за буџетската 2021 година е проектиран во Буџет на Република Северна Македонија за 2021 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 307/2020-стр.322), а врз основа на кој за подпрограма 31 - Агенција за филм предвидени средства на сметка 603 се вкупно 130.000.000 денари одобрени на конто/ставка 464 - Други трансфери од каде се реализира поголем дел од филмската дејност.

Од овие средства, 71% се планирани за финансирање на проекти за развој и унапредување на филмската дејност, 15% се распределени за извршување на тековното работење на институцијата, 14% се планирани за одржување на континуитет во меѓународната соработка односно за плаќање на котизации за членување во меѓународни организации, организирана презентација и грижа за филмското творештво преку учество на интернационални филмски фестивали, маркети и др. манифестации, учество на генерални собранија во меѓународните организации, соработка и организирани заеднички работилници и други активности за промоција на филмската дејност на Република Северна Македонија, на Агенцијата за филм и на филмските работници и здруженија за филм.

Истовремено, Агенцијата за филм продолжува да финансира проекти за поддршка за пишување на сценарија, проекти за организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер и проекти за унапредување на филмската дејност одобрени на распишани конкурси во минати години.

Во финансискипт план за користење на паричните средства, пресметани се и расходите кои Агенцијата за филм ги реализира, пропорционално од двете трезорски сметки, за износот кој Канцеларијата на Креативна Европа - Медиа го одобрува за буџетската 2021 година на донаторската сметка, според прописите на европското законодаство - потпрограма Медиа. Овие средства ќе се реализираат само ако рокот за реализација на проектот биде продолжен од страна на Европската Комисија преку Извршната Агенција за образование, аудиовизуелна дејност и култура при ЕК (EACEA)

2. Образложение на Годишен Финансиски план за 2021 година за сметка 787

Врз основа на Буџетот за 2021 година за подпрограма 31 - Агенција за филм предвидени средства за сметка 787 се вкупно 60.000.000 денари од кои 57.000.000 денари се одобрени на конто 464 - Други трансфери од каде се реализира филмската продукција и на конто 425 – Други договорни услуги одобрени се 3.000.000 ден.

Од овие средства, 64% се планирани за финансирање на проекти за развој и унапредување на филмската дејност, 18% се распределени за спроведување на мерката „право на поврат", 14% извршување на тековното работење на институцијата, 4% се планирани за меѓународната соработка од најголем дел од средствата се планирани за реализација на програмските активности на МедиаДескот на Креативна Европа.

Доколку во тековната година, Агенцијата за филм оствари поголем износ на приходи од горенаведените, ќе направи измена на годишен финансиски план по квартали, по сметки и ставки. Наплатата на поголем износ на приходи од планираните зависи од донесување на нов закон и стратегија, а со кои ќе се уреди работењето на Агенцијата за филм, вклучувајќи ги изворите и начините на финансирање.

3. Образложение на Годишен Финансиски план за 2021 година, за сметка 785

Паричните средства на оваа сметка се користат наменски согласно Годишен Финансиски план за сметка 785, распределен по квартали, месеци и ставки и согласно одобрениот буџет на канцеларијата Медиа. Реализацијата на програмските активности зависи од продолжување на соработката со институциите на Европската Унија, во реализацијата на заедничките проекти во аудиовизуелната дејност.

в.д Директор, Бојан Лазаревски

Подготвил: Јулијана Андонова